# „Скржав е оној пред кого ќе бидам спомнат и нема да ме благословува (да изговори салават).“

Од Хусејн бин Али бин Ебу Талиб, радијаллаху анхума, се пренесува, дека рекол: Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кажал: „Скржав е оној пред кого ќе бидам спомнат и нема да ме благословува (да изговори салават).“
[صحيح] [رواه الترمذي والنسائي في الكبرى وأحمد]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, предупредил за таквиот што ќе го слушне неговото име, прекар или слично, а нема да изговори салават-дова за благослов. Па рекол: Скржавиот во потполна смисла е оној во чие присуство ќе се спомнам па нема да изговори салават за мене. Ова се однесува заради следното: Прво: Тоа е скржавост заради која нема ниту мала ниту голема загуба, не троши пари и не троши труд. Второ: Тоа е скржавост кон себе бидејќи не ја добил наградата за салаватот кон својот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем; и бидејќи тоа не го направил, тој станал скржав и не му го дал неговото право, и не постапил по наредбата за која ќе добие награда. Трето: Изговарањето на салават за Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, е исполнување на некои од правата на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Тој е оној кој нè поучил, тој е оној кој нè насочил, тој е оној што нè повикал кон Возвишениот Аллах и ни ја донел Објавата и овој шеријат. Тој е причината за нашето упатство – по Возвишениот Аллах – и кој не испраќа салават кон него, е скржав кон себе и кон својот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во нешто што е едно од неговите најосновни права.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee